ИИ511

Дневник
Сабота, 23 мај 1998 , 655, 11,

АТЕЉЕА ВО ХАВЗИ-ПАШИНИТЕ КОНАЦИ ВО БАРДОВЦИ

# На конак во градот на уметноста

**Со конкурсот за доделување ателјеа, кој го распиша Музејот на современата уметност, почна реализирањето на идејата Хавзи-пашините конаци во Бардовци да станат уметнички центар, Арт сити, со галерии, работилници и други уметнички простории на површина од околу 4.000 квадратни метри.**

Министерството за култура му го довери проектот „Арт сити", односно уредувањето на некогашните воени гаражи во Бардовци, на Музејот на современата уметност. За доделување - изградба и изнајмување - ателјеа можеше да конкурираат уметници од целата земја, кои ги исполнуваат условите предвидени во конкурсот.

Кој ќе добие простор во Хавзи-пашините конаци ќе решаваат, во својство на комисија, Лилјана Неделковска-Димитровска, Бојан Иванов, Жанета Вангели, Конча Пирковска и Лазо Плавевски, врз основа на уметничкото досие - изложби, рејтинг, влијание, привилегии (дали уметникот веќе користи ателје на ДЛУМ, на пример) и друго. Конкурсот е исто така можност да се утврди колку од уметниците се спремни да партиципираат во изградбата на ателјеата, што подоцна би им било компензирано, при плаќањето кирија.

- Очекуваме дека дел од средствата за изградба на тој комплекс ќе обезбедат заинтересираните уметници, дел би требало да покријат домашните спонзори, а дел од странските фондации. Министерството за култура би требало да ги плати трошоците за изградба на инфраструктурата за конаците, вели Зоран Петровски, директор на Музејот на современата уметност.

За користење ателје уметникот ќе потише договор со важност од три до пет години. Договорот "автоматски" би се поништил ако некој ателјето го користи, го пренамени, како станбен простор. Сепак, се инсистира на тоа дека решавачки критериум во деделувањето простор ќе бидат активноста и творечкиот ангажман на претендентот.

Кога Хавзи-пашините конаци во Бардовци ќе станат комплетен уметнички центар не се знае. Но, Арт сити ќе биде отворен веднаш по доделувањето и опремувањато на првите дваесетина ателјеа.

**Сотир Трајков**